Европско движење Северна Македонија
European Movement North Macedonia

# НАЦИОНАЛНИ ПЕРСПЕКТИВИ ОД ЕВРОПСКАТА ДЕБАТА

## Шоуто мора да продолжи

Министрите за надворешни работи на земјите-членки на НАТО и ОБСЕ имаат напорна недела на состаноци за да разговараат за тековната руска војна против Украина и за иднината на европската безбедносна инфраструктура.

### ОДОЛГОВЛЕКУВАЊЕ НА ВОЈНАТА

ПРОЧИТАЈТЕ ПОВЕЌЕ

Првиот министерски Совет НАТО-Украина се одржа во средата како дел од состанокот на министрите за надворешни работи на НАТО, на кој се разговараше за пропустите и изгледите на тековната воена агресија од страна на Русија. И покрај големите претрпени загуби, проценети од генералниот секретар на НАТО Јенс Столтенберг како „стотици авиони, илјадници тенкови и повеќе од 300.000 војници“, руските цели на бојното поле остануваат непроменети затоа продолжуваат со складирање на проектили и муниција како подготовка за зимски напади врз украинската електрична мрежа и енергетската инфраструктура, пренесува „Digi24“. Сепак, Столтенберг исто така тврди дека Украина „напредувала“ на фронтот, додека Русија е ослабена „политички, воено и економски“, наведувајќи ја нестабилноста на Кавказ и Централна Азија и зголемената зависност од Кина. Како што државниот секретар на САД Антони Блинкен ги негираше наводите за замор на Западот и ја потврди поддршката за Украина, главниот украински дипломат Дмитро Кулеба ја повтори потребата да се зголеми производството на оружје и муниција во Европа, имајќи предвид дека се испорачани само 300.000 од околу еден милион гранати од 155 мм што ЕУ и ги вети на Украина. Потсетувањето доаѓа во време на дискусии за ограничениот успех на контраофанзивата и квалитативен пресврт кон војна до изнемоштување, која бара големи ресурси и технолошка супериорност за да се прекине стагнацијата.

### ЛЕДЕН ЕНТУЗИЈАЗАМ

ПРОЧИТАЈТЕ ПОВЕЌЕ

Чекањето на Шведска да стане членка на НАТО наскоро може да заврши, една и пол година по почетокот на процесот. Така барем вели генералниот секретар на НАТО, Јенс Столтенберг кој изјави дека турскиот претседател Реџеп Таип Ердоган препорачал турскиот парламент да гласа „да“ за членството на Шведска. Шведскиот министер за надворешни работи Тобијас Билстром се надева на истото, според „Politiken“. По средбата со неговиот турски колега во вторникот, Билстром за шведскиот печат изјави дека Шведска може да стане членка во рок од само „неколку недели“. Извор од американскиот Стејт департмент се согласи и додаде дека тоа ќе се случи пред крајот на годината. Ова ќе стави крај на стагнацијата во која се најде Шведска, кога се зема в предвид дека Турција и Унгарија се единствените две земји кои допрва треба да ја одобрат кандидатурата за членство на земјата. Билстром се погрижи да остане внимателен оптимист: иако неодамнешните вести ги смета за „радосни“, тој не ги зема здраво за готово и чека опипливи резултати пред да може целосно да прослави.

### БЕЗ ИГНОРИРАЊЕ

ПРОЧИТАЈТЕ ПОВЕЌЕ

Повторувајќи го ставот на литванскиот министер за надворешни работи Габриелиус Ландсбергис дека „ние [Европа] треба да се заштитиме од Русија, а не да сме заедно со неа“, министрите за
надворешни работи на Естонија, Латвија, Литванија и Украина одбија да се приклучат на состанокот на ОБСЕ во Скопје на кој присуствуваше Сергеј Лавров, рускиот министер за надворешни работи. Балтичките земји објавија заедничка декларација со која го осудуваат учеството на Лавров бидејќи тоа претставува ризик од „прифаќање на агресорот Русија како законски член на нашата заедница на слободни нации, минимизирајќи ги свирепите злосторства што ги прави Русија “ и само ќе и обезбеди уште една можност за ширење на пропаганда. Слично на тоа, украинското Министерство за надворешни работи предупреди дека Русија „ја претвори организацијата во заложник на нејзините каприци и агресија“. „Delo“ претпоставува дека прагматизмот и потребата од консензус за клучните лидерски и буџетски одлуки за овозможување на понатамошното функционирање на ОБСЕ се чини дека надвладеале над принципите. Според Лавров, повеќе од 57 земји-членки на организацијата, „вклучувајќи ги и западните,“ изрази интерес за средба со претставници на руската делегација на маргините на Советот, иако средбата со американскиот државен секретар Антони Блинкен не беше на дневен ред.

### ЛЕТАЈ КОН ЛЕКОТ

ПРОЧИТАЈТЕ ПОВЕЌЕ

ОБСЕ се соочува со тежок период, отворајќи го овонеделниот состанок без претседавач за прв пат во историјата на организацијата - како и прифаќањето на руски дипломати во услови на забележителни бојкоти. Естонија аплицираше за празното претседателство, но беше блокирана од ветото на Русија. „FAZ“ пишува дека геополитичките конфликти и размислувања веќе некое време ја попречуваат работата на ОБСЕ. Во стагнација што ја отсликува онаа на Европскиот совет во последниве години поради гласањето кое мора да е со консензус, доволно е само едно вето за да се блокираат одлуките, кои Русија се покажа спремна и способна да ги искористи. Тензиите се закануваат да се прелеат во секојдневните операции на ОБСЕ, бидејќи позициите во клучните канцеларии треба да се отворат наскоро, а канцелариите работат со месечни буџети, заради неуспехот за консензуално донесување на буџет од 2021. И покрај структурните прашања, многуте секретаријати на ОБСЕ главно успеаја да ја продолжат својата редовна работа. Постојат различни идеи за да се реши прашањето, но тоа што одлуката Малта да биде домаќин на следното претседателство успеа да помине, се гледа како мала надеж.